РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1128/18

29-06-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата,Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 49-та седница, одржана на ден 07 Јуни 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата по предметот со бр. 12- 1128 од 2021 година оформен по сопствена иницијатива, СЕ ЗАПИРА.

Информациите и податоците кои Државната комисија за спречување на корупцијата ги обезбеди во текот на своето постапување ги достави до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кое отвори постапка за истиот предмет, поради што Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за натамошно надлежно постапување по предметот со број 12-1128 од 2021 година.

Предметот со број 12-1128 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1128 од 2021 година е оформен по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата врз основа на информации објавени во медиумите во РСМ со кои се изнесуваат сомневања за злоупотреби на службената положба и овластувањата во постапка за јавна набавка спроведена од страна на ---------------------------------- – од раководното лице на ------------------------------------------------ - во време кога ова лице ја извршувало функцијата ----------------------------------------.

Информациите и наводите изнесени во медиумите укажуваа на коруптивно постапување и злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службеното лице ---------------------------------- поврзано со постапка за јавна набавка спроведена ---------------------------------- за набавка на ------------------------------------------------------------ бил/е склучен договор со економскиот оператор ------------------------------.

Заради утврдување на фактичката состојба Државната комисија за спречување на корупцијата до -------------------------------- достави неколку барања за достава на податоци и информации – со прилог документација поврзана со набавката ----------------------------- документи ----------------------; информации и копии од склучените договори, вклучително и информации за реализацијата на склучениот договор и други акти и списи од постапката.

Истовремено, побара од Министерство -------------------------- да достави информации и документи од меѓусебна комуникација ---------------------------------------; од Управата за јавни приходи побарани се докази за остварени приходи од страна на посоченото службено лице, по сите основи во годините 2017, 2018, 2019; од Државниот -------------- побарани се документите --------------------------------; преку Централниот регистар на РСМ – во однос на добивање информации и податоци за ----------------------------------------------- и други.

Адреса: ул.Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. PresvetaBogorodicanr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Последователно, по повод доставените барања, до Државната комисија за спречување на корупцијата се доставени писмени одговори со бараните документи и податоци – од сите посочени органи и институции.

Дополнително, во тек на постапување по предметот број 12-1128 од 2021 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата беше доставено и барање од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје – КО ------------------------------ за доставување на оригинална документација во врска со предметниот случај за кој во ова ОЈО, според тоа како што и се наведува, се води истражна постапка. Барањето се темели на член 287 став 1 и став 3 од Законот за кривична постапка и со него предметниот јавен обвинител го прецизира истото со барање на документацијата обезбедена од страна на Државната комисија од надлежните институции за имотната состојба и со извршената анализа на Државната комисија на имотната состојба на лицето ------------------------------------------------- и на негови блиски лица.

Во тек на постапувањето, како и во контекст на активното следење на настаните и активностите на надлежните органи во врска со предметниот случај Државната комисија , на ден 26 април 2021 година одржа работен состанок со јавни обвинители од ---------------------------------------------- кои исто така постапуваат на предметниот случај.

На одржаниот состанок со претставниците на ЈО од Државната комисија беа презентирани констатираните состојби во врска со ------------------------------------------ и други по однос на што од претставниците на двата органи се зазема став Државната комисија дополнително да достави соодветно известување до ОЈО за ГОКК Скопје по однос на сознанијата и информациите со кои располага.

Во контекст на посоченото Државната комисија во своето постапување обезбеди и други информации дека во однос на ------------------------------ спроведени се и други јавни набавки за што се склучени и договори и тоа за ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- и склучен договор со ------------------------------------------ во износ од ------------ денари.

Според Државната комисија за спречување на корупцијата вкупниот износ на средства кои се исплатени по основ на склучените договори -------------------------------------------, без при тоа ----------------------------------------------------- од истото, поради што Државната комисија смета дека ----------------------------- со намера ја искористил функцијата ----------------------------------------- и со склучување на договори во вкупна вредност од -----------------------------------денари го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија.

Врз основа на сите околности на предметниот случај и по целосно проучување на сите списи - Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека сите информации и документацијаза предметниот случај укажуваат на корупција – злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на посоченото службено лице ---------------------------------- во конкретниот случај, а дека соодветни мерки , активности и дејствија за обезбедување на докази и за донесување на соодветна јавно обвинителска одлука веќе се преземаат од страна на друг орган во РСМ - стварно и месно надлежното јавно обвинителство.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 07 Јуни 2021 година**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : К.Н., Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива